# СЛУЖБ

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словеначки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Сабота, 18 јули 1964
БЕЛГРАД
БРОЈ 30 ГОД. XX

Цена на овој број е 60.— дин. — Претплата за 1964 година изнесува 2.500.— дин., а за странство 3.500 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќ'а бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.


**394.**

Врз основа на членот 3 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62, 11/62 и 4/63), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ТАРИФАТА ЗА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ

Член 1

Во Тарифата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62, 29/62, 31/62, 40/62, 42/62, 46/62, 51/62, 53/62 и 12/63 и „Службен лист на СФРЈ, бр. 18/63, 20/63, 23/63, 30/63, 44/63, 51/63, 52/63, 7/64, 10/64, 13/64, 24/64 и 29/64) во делот II од Тарифата се вршат следните измени и дополненија:

1) Во тар. број 4 стопата: „21%" се заменува со стопата: „19%";

2) во тар. број 44 точката 2 се менува и гласи:

„2) Динамо и лак жици — изолирани со свила, памук и хартија; кабелски гарнитури за спојување на доводни кабли; прибор за слободни водови и кабли — — — — — — — — — — — 13%".

Во истиот тар. број се додава нова точка 3, која гласи:

„3) Оловни кабли изолирани со гума — 11%";

3) во тар. број 57 во точката 1 стопата: „30%" се заменува со стопата: „25%";

4) во тар. број 58 во точката 2 стопата: „35%" се заменува со стопата: „10%";

5) во тар. број 59 во точката 2 стопата: „18%" се заменува со стопата: „10%";

6) во тар. број 89 стопата: „21%" се заменува со стопата: „13%";

7) во тар. број 90 стопата: „60%" се заменува со стопата: „58%";

8) во тар. број 91 во точката 2 стопата: „16%" се заменува со стопата: „12%";

9) во тар. број 92 стопата: „21%" се заменува со стопата: „15%";

10) во тар. број 93 стопата: „19%" се заменува со стопата: „12%", а стопата: „4%" се заменува со стопата: „2%";

11) во тар. број 94 стопата: „29%" се заменува со стопата: „24%";

12) во тар. број 95 стопата: „28%" се заменува со стопата: „19%";

13) во тар. број 96 стопата: „13%" се заменува со стопата: „7%".

Во истиот тар. број се додава забелешка, која гласи:

„Забелешка: Не се плаќа данок според овој тар. број на прометот на новинска рото-хартија од граматура 50/52 грама на квадратен метар.";

14) во тар. број 97 стопата: „25%" се заменува со стопата: „20%";

15) во тар. број 98 стопите: „30%" и „29%" се заменуваат со стопата: „25%";

16) во тар. број 99 во точ. 1 и 4 стопата: „31%" се заменува со стопата: „28%", а во точката 3 стопата: „33%" се заменува со стопата: „30%";

17) во тар. број 105 во точката 4 стопата: „8%" се заменува со стопата: „5%";

18) во тар. број 113 во точката 2 стопата: „15%" се заменува со стопата: „9%";

19) во тар. број 114 се додава нова забелешка 3, која гласи:

„3) За детска трикотажна облека и рубелини важи забелешката 7 кон тар. број 116 од овој дел на Тарифата."

Член 2

Се овластува Сојузниот секретаријат за финансии да го утврди и издаде, во согласност со Сојузниот секретаријат за законодавство и организација, пречистениот текст на Тарифата за данокот на промет, откако ќе ги изврши потребните редакциски измени.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 104
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

---

**395.**

Врз основа на членот 170 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59 и 13/63), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПРИВРЕМЕНАТА ОПШТА ЦАРИНСКАТА ТАРИФА

Член 1

Во Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62, 42/62, 49/62 и 4/63 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 5/64) на крајот на членот 13 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додаваат две нови точки, кои гласат:

„20) на инструментите и апаратите што можат да се употребуваат исклучиво за научна работа или настава и што во моментот на увозот не се произведуваат во земјата, а се увезуваат за потребите на установите што се занимаваат со научноистражувачка и наставна дејност;

21) на предметите за збирки и уметничките пердмети наменети за музеи, галерии и други јавни установи."

Член 2

Во Привремената општа царинска тарифа која е составен дел од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа, во тарифниот број 74.01 во точ-

ката 1 над бројот 12 се додава знак за фуснота и под текстот на тар. број 74.07 се додава фуснота, која гласи:

„На стоките од оваа точка може да се примени членот 15 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа."

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 103
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**396.**

Врз основа на чл. 94 и 378 став 1 точка 5 од Законот за работните односи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИОТ НАДОМЕСТОК НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА НЕЗАПОСЛЕНОСТ

Член 1

На работниците на кои им престанал работниот однос до 31 јули 1964 година и на кои за време на незапосленост им се исплатува паричен надоместок во износите определени во смисла на чл. 6 и 9 од Уредбата за материјалното обезбедување и за другите права на работниците и службениците што се наоѓаат времено вон работен однос („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/52, 39/52 и 1/56), им се зголемуваат овие надоместоци, и тоа:

1) на уживателите на полн надоместок — за 750 динари месечно;

2) на уживателите на надоместок во износ од 75% — за 565 динари месечно;

3) на уживателите на надоместок во износ од 50% — за 375 динари месечно;

4) на уживателите на надоместок во износ од 25% — за 190 динари месечно.

Член 2

Оваа уредба влегува во сила на 1 август 1964 година.

Р. п. бр. 121
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**397.**

Врз основа на членот 31 од Законот за социјалното осигурување на работниците и службениците и нивните фамилии („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/50), Сојузниот извршен совет донесува

## УРЕДБА
## ЗА ИЗМЕНА НА УРЕДБАТА ЗА ДОДАТОКОТ НА ДЕЦА

Член 1

Во Уредбата за додатокот на деца („Службен лист на ФНРЈ", бр. 36/55, 1/56, 26/56, 39/58, 2/59 48/59, и 40/62) во членот 35 став 2 во табелата скалата на износите на додатоците на деца во I група се менува и гласи:

„ 4.050
7.910
11.330
14.310
16.770
2.490".

Износите на додатоците на деца од членот 1 на оваа уредба ќе се исплатуваат по службена должност без донесување решение.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила на 1 август 1964 година.

Р. п. бр. 122
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**398.**

Врз основа на членот 47 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Одлуката за определување највисоките продажни цени за определени производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/56 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63) во точката I одредбите под 7 и 8 се менуваат и гласат:

„7. Цинк — топилнички:

| | |
|---|---|
| а) суров 97,5% | 225.000 |
| б) рафиниран 98,5% | 230.000 |
| в) фин 99,7% | 240.000 |

8. Цинк — електролитен:

| | |
|---|---|
| а) висококвалитетен класа Б | 240.000 |
| б) висококвалитетен класа А | 245.000 |
| в) специјален висококвалитетен 99,99% | 250.000". |

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 105
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**399.**

Врз основа на членот 47 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ

1. Во Одлуката за определување на највисоките продажни цени за одделни производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61, 12/61 и 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 17/63, 23/63 и 30/63) во

точката 1 одредбите под 20 и 21 се менуваат и гласат:

„20) бакар:
а) топилнички JUS C.D1.002 — 562.000
б) електролитен (катоден) — — 600.000
21) олово:
а) олово рафинирано (од квалитет 99,95%; 99,985% и 99,90%) 200.000
б) олово рафинирано меко (од квалитет 99,99%) — — — — 205.000".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувњето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 106
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р

## 400.

Врз основа на членот 47 став 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ЦЕНИТЕ НА ЖИТОТО ОД РОДОТ НА 1963 И 1964 ГОДИНА, ОДЛУКАТА ЗА ЦЕНИТЕ НА ИНДУСТРИСКИТЕ РАСТЕНИЈА И ДРУГИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА 1963 И 1964 ГОДИНА И ОДЛУКАТА ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА НА ШЕЌЕРНА РЕПА ОД РОДОТ НА 1963 И 1964 ГОДИНА

1. Одлуката за цените на житото од родот на 1963 и 1964 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 28/63), Одлуката за цените на индустриските растенија и други земјоделски производи за 1963 и 1964 година („Службен лист на ФНРЈ", бр, 31/62) и Одлуката за минималната откупна цена на шеќерна репка од родот на 1963 и 1964 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62) престануваат да важат.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 107
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

## 401.

Врз основа на членот 47 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ДОБИТОК

1. На стопанските организации и установи што произведуваат и гојат добиток сами или во кооперација со индивидуални производители им се гарантираат следните откупни цени за свињи, говеда, овци и живина, и тоа:

| | Цена Дин./кг |
|---|---|
| А. Свињи: | |
| 1) за свињи бекон: | |
| а) I класа, тежина од 80 до 95 кг по парче | 355 |
| б) II класа, тежина од 80 до 95 кг по парче | 345 |
| 2) за прима месести свињи: | |
| а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче | 330 |
| б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче | 335 |
| в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци | 340 |
| 3) за месести свињи: | |
| а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче | 320 |
| б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче | 325 |
| в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци | 330 |
| 4) за полумасни свињи: | |
| а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче | 300 |
| б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче | 305 |
| в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци | 310 |
| 5) за масни свињи: | |
| а) I тежинска група, лесни, тежина од 80 до 95 кг по парче | 290 |
| б) II тежинска група, средни, тежина над 95 до 110 кг по парче | 295 |
| в) III тежинска група, тешки, тежина над 110 до 125 кг по парче или потешки, ако не се постари од 12 месеци | 300 |
| Б. Говеда: | |
| 1) за згоени телиња од благородни раси и за нивни меѓусебни мелези — крижанци, освен расата „џерсеј" и црвена данска, до 6 месеци стари: | |
| а) Iа класа, тежина најмалку 200 кг кај машки и 180 кг кај женски грла, рандман најмалку 60% | 410 |
| б) I класа, тежина најмалку 180 кг кај машки и 150 кг кај женски грла, рандман најмалку 58% | 390 |
| 2) за згоени млади јунчиња од благородни раси и за нивни меѓусебни мелези — крижанци, освен расата „џерсеј" и црвена данска, до 18 месеци стари и со млечни заби: | |
| а) Iа класа, тежина најмалку 450 кг кај машки и 400 кг кај женски грла, рандман најмалку 58% | 375 |
| б) I класа, тежина најмалку 420 кг кај машки и 380 кг кај женски грла, рандман најмалку 55% | 365 |
| 3) за згоени постари јунчиња — млади говеда од благородни раси и за нивни меѓусебни мелези — крижанци, освен расата „џерсеј" и црвена данска, од 18 до 36 месеци стари, што имаат најмногу 4 постојани заби: | |
| а) Iа класа, тежина најмалку 500 кг кај машки и 450 кг кај женски грла, рандман најмалку 56% | 375 |
| б) I класа, тежина најмалку 470 кг кај машки и 420 кг кај женски грла, рандман најмалку 54% | 365 |
| 4) за згоени телиња — мелези од расата „буша" со благородни раси, црвена данска, истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка, до 6 месеци старост: | |
| а) I класа, тежина најмалку 150 кг кај машки и 130 кг кај женски грла, рандман најмалку 56% | 370 |

| | Цена Дин/kg |
|---|---|
| б) II класа, тежина најмалку 130 кг кај машки и 110 кг кај женски грла, рандман најмалку 54% | 350 |
| 5) за згоени помлади јунчиња — мелези од расата „буша“ со благородни раси, црвена данска, истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка, до 18 месеци стари со млечни заби: | |
| а) I класа, тежина најмалку 350 кг кај машки и 300 кг кај женски грла, рандман најмалку 54% | 350 |
| б) II класа, тежина најмалку 300 кг кај машки и 250 кг кај женски грла, рандман најмалку 52% | 330 |
| 6) за згоени постари јунчиња — млади говеда — мелези на расата „буша“ со благородни раси, црвена данска, истарска, колубарска, посавска, подолска и гатачка, од 18 до 36 месеци стари, што немаат повеќе од 4 постојани заби: | |
| а) I класа, тежина најмалку 400 кг кај машки и 350 кг кај женски грла, рандман најмалку 54% | 350 |
| б) II класа, тежина најмалку 350 кг кај машки и 300 кг кај женски грла, рандман најмалку 52% | 330 |
| 7) за згоени телиња до 6 месеци стари, од расата „буша“: | |
| а) I класа, тежина најмалку 75 кг кај машки и 65 кг кај женски грла, рандман најмалку 54% | 350 |
| б) II класа, тежина најмалку 70 кг кај машки и 60 кг кај женски грла, рандман најмалку 52% | 330 |
| 8) за згоени помлади јунчиња до 18 месеци стари, со млечни заби, од расата „буша“: | |
| а) I класа, тежина најмалку 200 кг кај машки и 180 кг кај женски грла, рандман најмалку 52% | 320 |
| б) II класа, тежина најмалку 200 кг кај машки и 180 кг кај женски грла, рандман најмалку 48% | 300 |
| 9) за згоени постари јунчиња — млади говеда — од 18 до 36 месеци стари, што немаат повеќе од 4 постојани заби, од расата „буша“: | |
| а) I класа, тежина најмалку 250 кг кај машки и 200 кг кај женски грла, рандман најмалку 50% | 320 |
| б) II класа, тежина најмалку 250 кг кај машки и 200 кг кај женски грла, рандман најмалку 48% | 300 |
| В. Овци: | |
| 1) за згоени јагниња, стари од 5 до 12 месеци, што не измениле ниеден млечен заб: | |
| а) I класа, тежина најмалку 20 кг, рандман најмалку 54% | 310 |
| б) II класа, тежина најмалку 20 кг, рандман најмалку 50% | 290 |
| 2) за згоени шилежиња, стари од 1 до 2 години, што имаат најмногу 2 постојани заба: | |
| а) I класа, тежина најмалку 25 кг, рандман најмалку 52% | 270 |
| б) II класа, тежина најмалку 25 кг, рандман најмалку 48% | 250 |
| 3) за згоени овци и овни, стари над 2 години: | |
| а) I класа, стари до 5 години, со најмалку 6 постојани заби, тежина најмалку 35 кг, рандман најмалку 50% | 220 |
| б) II класа, стари до 5 години, со најмногу 6 постојани заби, тежина најмалку 35 кг, рандман најмалку 46% | 200 |
| Г. Живина: | |
| за згоени пилиња „бројлери“: | |
| а) I класа | 460 |
| б) II класа | 440 |

2. Цените од точката 1 на оваа одлука важат за 1 кг добиток жива мера, франко натоварено во вагон или камион, по избор на купувачот, во местото на продавачот, чија тежина се утврдува по истекот на 12 часови од последното хранење.

Цените од ставот 1 на оваа точка се однесуваат на квалитетот на добитокот пропишан:

1) со посебниот стандард — Свињи за бекон JUS E.J1.011;

2) со посебен стандард — Свињи за колење JUS E C1.020;

3) со условите од Прописите за квалитетот на говедата и овците за колење PK-E2.

3. Стопанските организации што ќе ги определи Дирекцијата за исхрана, се должни по цените и условите од точ. 1 и 2 на оваа одлука да ја купат сета количина свињи, говеда, овци и живина што организациите и установите од точката 1 на оваа одлука ќе им ги понудат на купување.

Стопанските организации од ставот 1 на оваа точка се должни, ако за тоа добијат налог од Дирекцијата за исхрана, откупениот добиток односно месото и преработките од месо на овој добиток да го продадат на определен пазар односно да им го продадат на определени купувачи.

Односот помеѓу Дирекцијата за исхрана и стопанските организации од ст. 1 и 2 на оваа точка ќе се регулира со писмен договор.

Негативните разлики во цената што евентуално ќе настанат помеѓу гарантираните цени за добиток од оваа одлука и цените што Дирекцијата за исхрана ќе ги постигне се покриваат од средствата на сојузниот буџет.

Се овластува сојузниот секретар за трговија да донесе, во согласност со сојузниот секретар за финансии, поблиски прописи за условите и начинот на исплата на негативните разлики од ставот 4 на оваа точка.

4. На стопанските организации од точката 3 на оваа одлука што не се придржуваат кон цените и другите услови пропишани со оваа одлука или што не ќе постапат по налог од Дирекцијата за исхрана, ќе се применат одредбите од членот 107 став 1 точка 3 на Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), а на одговорното лице во таа организација — одредбата на ставот 4 од истиот член.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за гарантираните цени на добитокот за 1962 до 1964 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/62 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/63).

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 108
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**402.**

Врз основа на членот 47 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА КРАВЈО МЛЕКО

1. Стопанските организации што се занимаваат со промет или преработка на млеко ќе купуваат од стопанските организации и установи свежото кравјо млеко што овие организации и установи го произвеле, по цена која не може да биде пониска од 15,5 динари за една масна единица.

По минималната цена од ставот 1 на оваа точка ќе се пресметува свежото кравјо млеко и помеѓу погонот за производство на кравјо млеко и погонот за преработка или промет на кравјо млеко на иста стопанска организација односно установа.

2. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за минималната откупна цена на кравјо млеко во 1963 и 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63).

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 109
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**403**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) и членот 47 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИЈА ЗА КРАВЈО МЛЕКО ВО 1964 ГОДИНА

1. Во Одлуката за определување премија за кравјо млеко во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/64) во точката 1 став 1 износот: „15" се заменува со износот: „20".

2. Премиите според оваа одлука ќе се исплатуваат за количините кравјо млеко продадени и испорачани почнувајќи од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 110
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**404.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) и членот 47 став 1 точка 4 од Законот на стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПОСЕБНА ПРЕМИЈА ЗА ПЧЕНИЦА И 'РЖ ОД РОДОТ НА 1964 ГОДИНА

1. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство на пченица и 'рж или вршат откуп на пченица и 'рж од индивидуални земјоделски производители им се исплатува по исклучок посебна премија во износ од 5 динари за 1 кг за сите количини меркантилна пченица и 'рж од родот на 1964 година што ќе им ги продадат и испорачаат до 31 декември 1964 година на овластените претпријатија за промет на жито на големо или на Дирекцијата за исхрана.

2. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство на семенска пченица им се исплатува по исклучок посебна премија од 5 динари за секој килограм семенска пченица од сопствено производство од родот на 1964 година.

Премијата од ставот 1 на оваа точка се исплатува:

1) за сите кочинини на апробирана семенска пченица продадена и испорачана во натурална форма на стопанските организации што се занимаваат со промет на семенска пченица до 31 октомври 1964 година;

2) за сите количини на семенска пченица употребена за сопствена сеидба за која стопанските организации и установи од ставот 1 на оваа точка ќе добијат уверение за квалитетот на зрнестите семенски стоки од овластените установи за испитување на семето.

3. Премиите од точ. 1 и 2 на оваа одлука ќе се исплатуваат од средствата предвидени во сојузниот буџет за регреси и премии во областа на земјоделството.

4. Сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со сојузниот секретар за финансии и со сојузниот секретар за трговија, ќе донесе поблиски прописи за начинот, постапката и за условите за остварување на премиите, за тоа кои стопански организации и установи имаат право на премија, како и за која пченица и 'рж можат да се исплатуваат премии според точ. 1 и 2 на оваа одлука.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 111
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**405.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот на Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) и членот 47 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРЕМИЈА ЗА СУРОВ ПАМУК ВО 1964 ГОДИНА

1. Во Одлуката за определување премија за суров памук во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/64) точката 2 се менува и гласи:

„2. Премијата од точката 1 на оваа одлука за 1 kg суров памук изнесува:

1) за I класа — — — — 60 динари
2) за II класа — — — — 55 динари
3) за III класа — — — — 50 динари."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 112
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

---

## 406.

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) и членот 47 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ВЕШТАЧКИ ЃУБРИЊА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. Во Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 1/64 и 16/64) во точката 1 во одредбата под 2 зборовите: „на определените шумски" се заменуваат со зборовите: „на шумските".

Ставот 2 се брише.

2. Во точката 2 одредбите под а) и б) се менуваат и гласат:

„а) за вештачки ѓубриња од домашно производство:

| | | Динари |
|---|---|---|
| 1) | Суперфосфат $Ca(H_2PO_4)_2$ со 16% $P_2O_5$ — | 13.300 |
| 2) | Суперфосфат $Ca(H_2PO_4)_2$ со 17% $P_2O_5$ — | 13.800 |
| 3) | Суперфосфат $Ca(H_2PO_4)_2$ со 18% $P_2O_5$ — | 14.800 |
| 4) | „Пелофос" фосфорно ѓубре со алкална до неутрална реакција кое содржи смес на калциумови фосфати со минимум 17% вкупна $P_2O_5$, од што е минимум 80% $P_2O_5$ топливо во двопроцентна лимонска киселина (по методата 1 грам ѓубре на 500 ml двопроцентна лимонска киселина), минимум 4% MgO, 1% до 4% Mn и микроелементи — — — — — | 8.500 |
| 5) | Хиперфосфат — мелени сурови фосфати $Ca(PO_4)_2$, CaF со 28% до 30% $P_2O_5$ вкупна фосфорна киселина, финост на мелењето 110 до 120 — — — — — | 4.000 |
| 6) | Амониумсулфат $(NH_4)_2SO_4$ со 20% N — | 12.000 |
| 7) | Калциумцијанамид $CaCN_2$ со 20% N — | 14.000 |
| 8) | Калциумамониум нитрат „KAN" $NH_4NO_3 \cdot CaCO_3$ со 20,5% N — — — — — | 15.000 |
| 9) | Мешано ѓубре (NPK) 8 : 8 : 8 — — — | 15.000 |
| 10) | Мешано ѓубре (PK) 14 : 9 — — — — | 15.000 |

б) за суровини од домашно производство:

| | | |
|---|---|---|
| 1) | Амониумнитрат (амонијачна шалитра) $NH_4NO_3$ со 34% N — — — — — — | 18.000 |
| 2) | Амониумсулфат $(NH_4)_2SO_4$ со 20% N — | 7.000" |

3. Во точката 3 ставот 1 се менува и гласи:

„За вештачките ѓубриња од увоз се определуваат цените за купувачите од точката 1 под 1 до 7 на оваа одлука за 1 тон, и тоа:

| | | Динари |
|---|---|---|
| 1) | Калциумамониумнитрат-нитромонкал $NH_4NO_3$ $CaCO_3$ со 20,5% N — — — | 24.000 |
| 2) | Калциумнитрат (варова шалитра) $Ca(NO_3)_2$ со 15,5% N — — — — | 21.000 |
| 3) | Амониумсулфат $(NH_4)_2SO_4$ со 20% N — | 24.500 |
| 4) | Амониумнитрат (амонијачна шалитра) $NH_4NO_3$ со 34,5% N — — — — — | 38.000 |
| 5) | Калиумова сол KCl со 38% до 42% $K_2O$ | 15.000 |
| 6) | Калиумсулфат $K_2SO_4$ со 48% до 50% $K_2O$ | 20.500 |
| 7) | Калиумхлорид-магнезиумсулфат (Mg-калиум) 39% до 42% $K_2O$ и 10% до 12% $MgSO_4$ — — — — — — — | 21.500 |
| 8) | Калиумсулфат-магнезиумсулфат (патент-кали) со 26% до 30% $K_2O$ и 25% до 38% MgO — — — — — — | 21.000 |
| 9) | Суперфосфат $Ca(H_2PO_4)_2$ со 17% до 18% $P_2O_5$ во февруари, март, април, август, септември, октомври и ноември — — | 13.500 |
| | а во јануари, мај, јуни, јули и декември | 10.500 |
| 10) | Томасфосфат $Ca_4P_2O_9$ . $(4CaO . P_2O_5)$ со 16% $P_2O_5$ топливо во двопроцентна лимонска киселина — — — — — — | 13.000 |
| 11) | Концентриран гранулиран суперфосфат (триплекс) $Ca(H_2PO_4)_2$ со 46% $P_2O_5$ — | 34.000 |
| 12) | Тројни комплексни ѓубриња 32% (NPK) 8 : 16 : 8 — — — — — — — — | 25.000 |
| 13) | Тројни комплексни ѓубриња 30% (NPK) 10 : 10 : 10 — — — — — — — | 26.000 |
| 14) | Тројни комплексни ѓубриња 36% (NPK) 12 : 12 : 12 — — — — — — — — | 31.000 |
| 15) | Гранулирано двојно комплексно ѓубре 35% (NP) 25 : 10 — — — — — | 39.000 |
| 16) | Уреа-карбамид $CO(NH_2)_2$ со 46% N — | 50.000 |
| 17) | Гранулирано двојно комплексно ѓубре 35% (NK) 25 : 10 — — — — — | 35.000 |
| 18) | Гранулирано тројно комплексно ѓубре 25% (NPK) 15 : 5 : 5 — — — — — | 26.500 |
| 19) | Гранулирано тројно комплексно ѓубре 27% (NPK) 6 : 12 : 9 — — — — — | 23.000 |
| 20) | Натриумнитрат (чилска шалитра) $NaNO_3$ со 16% N — — — — — — — — | 24.000 |
| 21) | Гранулирано тројно комплексно ѓубре 35% (NPK) 15 : 5 : 15 — — — — — | 30.000". |

4. Во точката 4 ставот 2 се менува и гласи:

„Ако е квалитетот на продаденото вештачко ѓубре од точ. 2 и 3 на оваа одлука над или под вообичаениот квалитет, но во границите на пропишаниот квалитет според Основниот закон за квалитетот и контролата на квалитетот на вештачките ѓубриња („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/64), износите на регресот по единица мера од точката 2 односно на цената од точката 3 на оваа одлука сразмерно се зголемуваат односно намалуваат."

5. Точката 6 се брише.

6. Регресот односно разликата во цената за вештачки ѓубриња од точ. 2 и 3 на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 1/64 и 16/64 — во понатамошниот текст: Одлуката), испорачани на купувачите од точката 1 под 1 до 8 на Одлуката до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, се остварува според досегашните прописи.

Купувачите од точката 1 под 7 и 8 на Одлуката се должни во присуство на претставник од општинскиот орган на управата надлежен за земјоделство да извршат попис на залихите, и тоа: купувачите од точката 1 под 7 попис на залихите на вештачки ѓубриња — по видовите од точ. 2 и 3 на Одлуката, а купувачите од точката 1 под 8 попис на залихите на набавени суровини за производство на мешани вештачки ѓубриња од точката 2 став 1 под б) на Одлуката, затечени кај нив на денот на влегувањето во сила на оваа одлука, и износот кој што ѝ одговара на разликата на регресот за вештачки ѓубриња односно суровини од домашно производство односно на разликата на цената за вештачки ѓубриња од увоз да го уплатат во корист на сметката на регресот за вештачки ѓубриња.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 113
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**407.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) и членот 47 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. Во Одлука за давање регрес при продажбата на опрема за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62) во точката 2 одредбите под 17, 18 и 19 се бришат.

2. Точката 3 се брише.

3. Стопанските организации што се занимаваат со производство да земјоделска опрема (фабриките) и ремонтните работилници од I ред можат според досегашните прописи да остваруваат регрес за моторите од точката 2 под 17, 18 и 19 на Одлуката за давање регрес при продажбата на опрема за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/62 — во понатамошниот текст: Одлуката) што ги презеле на генерален ремонт до денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Стопанските организации и ремонтните работилници од ставот 1 на оваа точка се должни да извршат попис на моторите од точката 2 под 17, 18 и 19 на Одлуката што се наоѓаат кај нив на генерален ремонт на денот на влегувањето во сила на оваа одлука. Во пописот мора да се внесе видот и бројот на моторот, денот на приемот на моторот на генерален ремонт и називот на корисникот на моторот.

Точноста на пописот од ставот 2 на оваа точка ја заверува општинскиот орган на управата надлежен за земјоделство. По еден примерок од заверениот попис стопанските организации и ремонтните работилници што извршиле попис доставуваат до Службата на општественото книговодство на онаа банка кај која имаат жиро-сметка и до општинскиот пазарен инспектор во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

4. За генерално ремонтирање на моторите од точката 2 под 17, 18 и 19 на одлуката корисниците на регресот можат да остваруваат регрес со поднесување на барање за регрес до 31 октомври 1964 година.

Корисниците на регресот што не ќе поднесат барање до рокот од ставот 1 на оваа точка го губат правото на остварување на регресот.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 114
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

**408.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63) и членот 47 став 1 точка 4 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ГОРИВО И МАЗИВО ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РИБАРСТВОТО

1. На стопанските организации што се занимаваат со промет на нафта и нафтени деривати им се одобрува регрес за продадено гориво и мазиво на следните потрошувачи, и тоа:

1) на рибарските производителски организации, установи, станици, заводи и институти за унапредување на рибарството, на рибарските задруги и рибарските погони на општите земјоделски и селански работни задруги — за количините потребни за погон на нивните моторни чамци и бродови при вршење на рибарското производство на море и езеро;

2) на рибарските стопанства (претпријатија) и установи што се занимаваат со риболов и со производство на риби и со унапредување на слатководното рибарство, како и на рибарските задруги што ќе ги определи сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, на предлог од Сојузната стопанска комора — Главен сојуз на земјоделските задруги на Југославија — за количините потребни за погон на моторните чамци и бродови при вршење рибарското производство на слатководните води и рибници односно за погон на нивните мотори при одводнување и наводнување на риболовните терени и рибници.

2. Како рибарско производство, во смисла на ова одлука, се подразбира одгледувањето на риби, ракови, школки и други водени животини; риболовот; превозот на репродукциони материјали за рибарско производство; превозот на рибарски производи по завршен риболов од производителот до најблиската натоварна станица односно до најблискиот домашен пазар.

3. Стопанските организации што се занимаваат со промет на нафта и нафтени деривати го остваруваат регресот според оваа одлука за количините на гориво и мазиво продадени на потрошувачите од точката 1 на оваа одлука, за кои општинскиот орган на управата надлежен за работите на рибарство на чие подрачје се наоѓа седиштето на потрошувачите им издал потврда дека им се потребни.

Горивото што се продава со регрес според оваа одлука мора да биде бојосано на начинот утврден со посебни прописи.

4. Регресот според оваа одлука се остварува за секој килограм гориво и мазиво продаден, и тоа:

| | Динари |
|---|---|
| 1) за петрол за мотори | 25 |
| 2) за бензин за мотори | 28 |
| 3) за нафта-плинско масло | 36 |
| 4) за нафта-плинско масло за длабинско кочарење на отворено море | 45 |
| 5) за моторно масло | 150 |
| 6) за петрол за рибарски светилки | 75 |

5. Општинскиот орган на управата надлежен за работите на рибарството е должен да води евиденција за потрошувачите на кои им издал потврда од точката 3 на оваа одлука, како и за количините и видовите на гориво и мазиво за кои на потрошувачите им издал потврди.

6. Стопанските организации што се занимаваат со промет на нафта и нафтени деривати се должни во своето книговодство да водат евиденција за количините на гориво и мазиво продадени со регрес, а потрошувачите од точката 1 на оваа одлука — евиденција за потрошокот на горивото и мазивото купено според одредбите од оваа одлука.

7. За количините на нафта-плинско масло испорачани до денот на влегувањето во сила на оваа одлука на потрошувачите од точката 1 став 1 под 1 до 6 на Одлуката за давање регрес при продажбата на гориво и мазиво за потребите на селското стопанство, шумарството и рибарството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/59, 31/60 и 20/61) корисниците на регресот можат да го остваруваат регресот според таа одлука.

Барање за остварување на регресот од ставот 1 на оваа точка може да се поднесе најдоцна до 31 октомври 1964 година.

Корисникот на регресот што не ќе поднесе барање до рокот од ставот 2 на оваа точка го губи правото на остварување на регресот.

8. Сојузниот секретар за земјоделство и шумарство, во согласност со сојузниот секретар за финансии, ќе донесе поблиски прописи за начинот, постапка и за условите за остварување на регресот и за начинот и постапката за издавање на потврдата за потребните количини на гориво и мазиво.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за давање регрес при продажбата на гориво и мазиво за потребите на земјоделството, шумарството и рибарството.

10. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 115
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

## 409.

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ РЕГРЕС ЗА УВЕЗЕНАТА КОНЦЕНТРИРАНА ХРАНА ЗА ДОБИТОК ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ НА ПАЗАРОТ ВО 1964 ГОДИНА

1. Одлуката за одобрување регрес за увезената концентрирана храна за добиток за потребите на земјоделството и за интервенции на пазарот во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/64) престанува да важи.

2. За количините на увезена концентрирана храна за добиток што стопанските организации од точката 1 на Одлуката за одобрување регрес за увезената концентрирана храна за добиток за потребите на земјоделството и за интервенции на пазарот во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 1/64 — во понатамошниот текст: Одлуката) им ги продале и испорачале на купувачите од точката 1 под 1 и 2 на Одлуката до денот на влегувањето во сила на оваа одлука, ќе го остварат тие организации регресот за покривање на негативната разлика според досегашните прописи.

Барење за остварување на регресот од ставот 1 на оваа точка може да се поднесе најдоцна до 1 октомври 1964 година.

Корисниците на регресот што не ќе поднесат барање до рокот од ставот 2 на оваа точка, го губат правото на регрес според оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист СФРЈ".

Р. п. бр. 116
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

## 410.

Врз основа на членот 47 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ШЕЌЕРОТ

1. Производителските и увозните претпријатија ќе го продаваат шеќерот по цените, и тоа:

1) шеќерот во кристал по 198 динари за 1 кг;
2) шеќерот во коцка по 228 динари за 1 кг.

Продажните цени по кои ќе го продаваат шеќерот производителските претпријатија важат франко натоварено во вагон на натоварната станица на продавачот.

2. Продажните цени по кои ќе го продаваат шеќерот увозните претпирјатија важат, и тоа:

1) франко натоварено во вагон на железничка станица што е најблиска до границата, ако шеќерот се увезува со железница;

2) франко натоварено во вагон на железничка станица што е најблиска до луката или пристаништето во кои се врши истовар на увезениот шеќер од брод, ако шеќерот се увезува со брод;

3) франко натоварено во камион или друго превозно средство на друмскиот сообраќај во погранично место што му е најблиско на местото за минување преку границата, ако шеќерот се увезува со камион или други превозни средства на друмскиот сообраќај.

3) Трговските стопански организации ќе го продаваат шеќерот во кристал и шеќерот во коцка во прометот на големо и во прометот на мало по калкулативни цени.

Калкулативните цени се пресметуваат на тој начин што на набавната цена се додаваат трошоците на превозот и трошоците на трговијата.

Трошоците на трговијата на големо ги определува републичкиот орган на управата надлежен за трговија, а трошоците на трговијата на мало ги определува општинскиот орган на управата надлежен за трговија.

4. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за продажните цени на шеќер („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/58 и 40/61).

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ".

Р. п. бр. 117
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р

## 411.

Врз основа на членот 47 став 1 точка 1 од Законот за стопанско-планските мерки во 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ И ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ВО ЦЕНИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Цените на пченицата и 'ржта, брашното и крупицата од тоа жито и цените на шеќерот и на маслото за јадење, на кои се однесува точката 2 на оваа одлука, се формираат односно се определуваат така што тие да ги содржат и износите на разликите во цените од таа точка.

2. Стопанските организации, Дирекцијата за исхрана и занаетчиските дуќани на самостојните занаетчии се должни да ги попишат залихите на

меркантилна пченица и меркантилна 'рж — од родот на 1963 и поранешните години, на брашно и крупица од тоа жито и залихите на шеќер и на масло за јадење, затечени кај нив на денот на влегувањето во сила на оваа одлука и на име разлика помеѓу досегашните и новите цени да уплатат на посебни сметки кај Службата на општественото книговодство, и тоа:

1) за 1 килограм меркантилна пченица и меркантилна 'рж — од родот на 1963 и поранешните години — 13 динари;

2) за 1 килограм брашно и крупица од пченица или 'рж — 16 динари;

3) за 1 килограм шеќер — 44 динари;

4) за 1 килограм масло за јадење — 40 динари.

Претпријатијата што произведуваат масло за јадење се должни разликата во цената од ставот 1 под 4 на оваа одлука да ја уплатат и за маслото произведено по влегувањето во сила на оваа одлука, ако е тоа масло произведено од маслодајки од родот на 1963 година или поранешните години или од сурово соино масло од увоз.

3. Стопанските организации нема да вршат попис ниту да ја уплатуваат разликата во цената од точката 2 став 1 под 1 на оваа одлука за пченицата и 'ржта од сопствено производство.

Угостителските стопански организации нема да вршат попис ниту да ги уплатуваат разликите во цените според одредбата од точката 2 на оваа одлука.

4. Пописот на залихите на производите од точката 2 на оваа одлука ќе го извршат комисиите формирани од општинските органи на управата надлежни за трговија.

5. Трошоците на комисијата од точката 4 на оваа одлука се подмируваат од средствата уплатени во корист на посебните сметки кај Службата на општественото книговодство.

6. Општинските собранија ќе го пропишат начинот за пресметување и уплатување на разликата во цените од точката 2 став 1 под 2 на оваа одлука за пекарските стопански организации и пекарските дуќани на самостојни занаетчии. Со овој пропис општинското собрание може пекарските стопански организации и пекарските дуќани на самостојните занаетчии делумно или во целина да ги ослободи од уплатување на разликата во цените од точката 2 став 1 под 2 на оваа одлука.

7. Поблиски прописи за пописот, пресметувањето и уплатувањето на разликата во цените од точката 2 на оваа одлука, како и за трошоците на комисијата од точката 5 став 1 на оваа одлука, донесува сојузниот секретар за трговија, во согласност со сојузниот секретар за финансии.

8. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 118
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

## 412.

Врз основа на членот 52 од Законот за електростопанските организации („Службен лист ФНРЈ“, бр. 2/58, 1/59, 16/61 и 13/63), на предлог од Заедницата на југословенското електростопанство, Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ЕНЕРГИЈА ЗА ЕЛЕКТРОСТОПАНСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ

1. Во Одлуката за определување на цените на електричната енергија за електростопанските заедници („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 51/58) во точката 1 во одредбата под 1 бројот: „3,50“ се заменува со бројот: „4,70“, а во одредбата под 2 бројот: „2,00“ се заменува со бројот: „2,70“.

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 август 1964 година.

Р. п. бр. 119
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

## 413.

Врз основа на членот 93 од Законот за буџетите и финансирањето на самостојните установи („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 52/59, 23/61, 52/61, 28/62, 53/62 и 13/63 и „Службен лист на СФРЈ“, бр. 7/64), во врска со членот 17 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ РАСХОДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ И УСТАНОВИ

1. На сојузните државни органи и установи што за својата дејност добиваат средства од сојузниот буџет, им се обезбедуваат од буџетската резерва дополнителни средства за лични расходи заради зголемување на личните доходи на службениците и работниците во нето износ од 1.500 (бруто 2.600) динари месечно.

Износот на средствата за сојузните државни органи и установи се определува според бројната состојба на службениците и работниците.

2. Зголемувањето на личниот доход во нето износ од 1.500 динари месечно ќе се изврши со зголемување на положајните плати на службениците, а за работниците со зголемување на посебните додатоци.

Во нето износот од 1.500 динари месечно ќе им се зголеми и хонорарот на службениците со кои е склучен договор за хонорарна работа со полно работно време.

Зголемување на личниот доход во нето износ од 1.500 динари месечно им припаѓа и на службениците и работниците во органите во кои се врши проверување на новиот систем за наградување на службениците врз основа на членот 18 од Законот за измени и дополненија на Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 52/61).

3. Пропишаните рамки за определување на положајните плати на службениците односно посебните додатоци на работниците се зголемуваат за износ од 1.500 динари месечно.

4. Оваа одлука влегува во сила на 1 август 1964 година.

Р. п. бр. 126
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

## 414.

Врз основа на членот 146 став 1 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 22/62 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА НАДОМЕСТОКОТ НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ СПРЕЧЕНИ ЗА РАБОТА

1. На осигурениците што на 1 август 1964 година се затекнале како уживатели на надоместок на личниот доход според одредбите од Законот за здравственото осигурување, надоместокот што им припаѓа им се определува од тој ден од досегашниот месечен основ за надоместок зголемен за 1.500 динари.

2. На осигурениците на кои спреченоста за работа ќе им настапи по 1 август 1964 година а на кои во основот за надоместок на личниот доход им влегуваат примањата остварени пред тој ден, при утврдувањето на основот за тој надоместок месечните износи на тие примања се зголемуваат за 1.500 динари.

3. Одредбите на точ. 1 и 2 на оваа одлука важат и за примањата од инвалидско осигурување кои според одредбите на Законот за инвалидското осигурување („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/58, 27/59 и 53/62) се определуваат од основот за надоместок на личниот доход во здравственото осигурување.

4. Оваа одлука влегува во сила на 1 август 1964 година.

Р. п. бр. 120
17 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

## 415.

Врз основа на членот 14 од Законот за електростопанските организации („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 2/58, 1/59, 16/61 и 13/63), на предлог од Заедницата на југословенското електростопанство, сојузниот секретар за индустрија пропишува

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТАРИФНИОТ СИСТЕМ ЗА ПРОДАЖБА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Правилникот за тарифниот систем за продажба на електрична енергија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 30/63) во членот 27 по ставот 4 се додаваат два нови става, кои гласат:

„За време на ограничувањето на потрошувачката на електрична енергија, органот што го определил ограничувањето може да пропише за потрошувачите кај кои се спроведува ограничување, потрошувачката на електрична енергија над дозволената количина да се пресметува по повеќеструки тарифни ставови.

Одредбата на ставот 5 од овој член ќе се применува и на потрошувачите на кои уште не се применува овој правилник.“

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 38/80—64
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар за индустрија,
**Филип Бајковиќ,** с. р.

## 416.

Врз основа на точката 1 од Одлуката за овластување определени органи да пропишуваат единствени тарифни ставови за испорака на електрична енергија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 26/63), на предлог од Заедницата на југословенското електростопанство, во согласност со сојузниот секретар за општи стопански работи, сојузниот секретар за индустрија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ НА НАРЕДБАТА ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА ИСПОРАКА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА НА ДИСТРИБУТИВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА

1. Во наредбата за единствените тарифни ставови за испорака на електрична енергија на дистрибутивните претпријатија („Службен лист на СФРЈ“, бр. 26/63) точката 1 се менува и гласи:

„1. Заедниците на електростопанските претпријатија им вршат испорака на дистрибутивните претпријатија на местата на продажбата по следните единствени тарифни ставови:

| Напон kV | Пресметковна големина | Сезона | Доба на денот | За I степен | За II степен |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | динари | |
| | kW | повисока | поголема | 3.130 | 1.380 |
| | | | помала | 1.565 | 690 |
| | | пониска | поголема | 1.050 | 930 |
| | | | помала | 525 | 465 |
| 110 | kWh | повисока | поголема | 9,85 | 9,85 |
| | | | помала | 4,95 | 4,95 |
| | | пониска | поголеема | 3,30 | 6,45 |
| | | | помала | 1,65 | 3,20 |
| | kVArh | повисока | поголема | 2,45 | 2,45 |
| | | | помала | 1,25 | 1,25 |
| | | пониска | поголема | 0,85 | 1,60 |
| | | | помала | 0,40 | 0,85 |
| | kW | повисока | поголема | 3.310 | 1.460 |
| | | | помала | 1.655 | 730 |
| | | пониска | поголема | 1.120 | 980 |
| | | | помала | 560 | 490 |
| 35 | kWh | повисока | поголема | 10,50 | 10,50 |
| | | | помала | 5,25 | 5,25 |
| | | пониска | поголема | 3,50 | 6,85 |
| | | | помала | 1,75 | 3,40 |
| | kVArh | повисока | поголема | 2,60 | 2,60 |
| | | | помала | 1,30 | 1,30 |
| | | пониска | поголема | 0,85 | 1,70 |
| | | | помала | 0,40 | 0,85 |

Надоместокот за одржување и баждарење на мерни уреди што го наплатуваат заедниците на електростопанските претпијатија од дистрибутивните претпријатија изнесува за секое пресметковно место 1.000 динари месечно.

2. Оваа наредба влегува во сила на 1 август 1964 година.

Бр. 38/79-64
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за индустрија,
**Филип Бајковиќ,** с. р.

417.

Врз основа на точ. 7 и 11 од Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 1/64, 16/64 и 30/64), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за земјоделство и шумарство издава

## НАРЕДБА

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА НАРЕДБАТА ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ПРИ ПРОДАЖБАТА НА ВЕШТАЧКО ЃУБРЕ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ШУМАРСТВОТО

1. Во Наредбата за примена на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачко ѓубре за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63 и 9/64) точката 2 се менува и гласи:

„2. Ако за одделни вештачки ѓубриња или суровини се врши сразмерно зголемување односно намалување на износот на регресот поради отстапување од вообичаениот квалитет (точка 4 став 2 на Одлуката), корисникот на регресот е должен на фактурата или во посебен прилог да го пресмета намалувањето односно зголемувањето на регресот по единица мера и за вкупната количина."

2. Во точката 5 под б) на крајот на одредбата под 11 точката се заменува со точка и запирка и по тоа се додава нова одредба под 12, која гласи:

„12) данок на промет според важечките прописи."

3. Како разлика на регресот се подразбира износот кој ѝ одговара на разликата помеѓу височината на регресот за вештачките ѓубриња и суровините определени во точката 2 на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 1/64 и 16/64) и височината на регресот определена во точката 2 на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64).

Како разлика во цената се подразбира износот на разликата помеѓу височината на цената на вештачките ѓубриња определена во точката 3 на Одлуката („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, 1/64 и 16/64) и цената определена во точката 3 на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64).

4. Во пописот на залихите на вештачки ѓубриња од точката 6 став 2 на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64) треба да се внесат и оние количини вештачко ѓубре односно суровини што производителот односно увозникот ги отпремил пред денот на влегувањето во сила на Одлуката за измени и дополненија на Одлуката („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64), а купувачот ги примил по тој ден.

По еден примерок од записникот за утврдените залихи на вештачко ѓубре односно суровини заверен од општинскиот орган на управата надлежен за земјоделство, купувачот што го извршил пописот е должен да им достави на Службата на општественото книговодство кај која има жиро-сметка и на општинскиот пазарен инспектор, во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила оваа наредба.

5. Износот на утврдената разлика на регресот за вештачки ѓубриња и суровини од домашно производство односно износот на разликата во цената за вештачки ѓубриња од увоз, се уплатува во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба, во корист на сметката бр. 630-20 — регрес при продажба на вештачки ѓубриња.

6. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 443-126
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за земјоделство и шумарство,
**Јоже Инголич**, с. р.

418.

Врз основа на точката 7 од Одлуката за формирање на цените и за уплатување на разликата во цените за определени производи („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/64), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за трговија издава

## НАРЕДБА

### ЗА ПРИМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ И ЗА УПЛАТУВАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНИТЕ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ ПРОИЗВОДИ

1. Стопанските организации, занаетчиските дуќани на самостојни занаетчии и Дирекцијата за исхрана се должни да извршат попис на залихите на производите наведени во точката 2 на Одлуката за формирање на цените и за уплатување на разликата во цените за определени производи (во понатамошниот текст: Одлуката) и да ги уплатат на име разлика помеѓу досегашните и новите цени за тие производи износите определени во точката 2 на Одлуката на начинот пропишан со оваа наредба.

2. Пописот на залихите на производите наведени во точката 2 на Одлуката (во понатамошниот текст: производите) ќе го вршат комисиите што ќе ги формира општинскиот орган на управата надлежен за рботите на трговијата, а според состојбата на 17 јули 1964 година.

3. Кај овластените претпријатија за промет и преработка на жито, овластените мелници, претпријатијата за производство на тестенини, претпријатијата за производство на чоколада, бонбони и кекс, фабриките за шеќер, фабриките на масло и Дирекцијата за исхрана, залихите на производите ќе се утврдат со преглед на книговодствената состојба на 17 јули 1964 година. При утврдувањето на состојбата на залихите на овој начин ќе се земат предвид и сите налози за прием и издавање на стоки до 17 јули 1964 годна заклучно.

Кај трговските стопански организации, другите продавачи на големо и на мало, пекарските стопански организации и занаетчиските дуќани на самостојни занаетчии утврдувањето на залихите на производите ќе се изврши со попис на залихите.

Отпремените и натоварените количини на производи нема да се земаат предвид при пописот, туку ќе се сметаат како стоки на пат што е должен купувачот да му ги пријави на општинскиот орган на управата надлежен за работите на трговијата веднаш по пристигањето. Количината на овие производи општинскиот орган на управата надлежен за работите на трговијата ја утврдува со преглед на кинговодствената евиденција и соодветните документи.

4. Комисијата за попис е должна да состави пописна листа за утврдените залихи изразени во килограми според видовите на производите.

Пописната листа се составува во три примероци. Еден примерок ѝ се доставува на филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство на чие подрачје се наоѓа седиштето на претпријатието односно дуќанот, вториот примерок на општинскиот орган на управата надлежен за работите на трговијата, а третиот примерок му останува на претпријатието односно на дуќанот кај кој е извршен пописот.

Пописната листа ја потпишуваат членовите на комисијата и одговорните лица на претпријатието (дуќанот) односно имателот на самостојниот занаетчиски дуќан.

5. Уплатувањето на разликата во цената определена за одделни производи во точката 2 на Одлуката ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба во корист на посебните сметки кај Службата на општественото книговодство, и тоа:

1) за пченица и 'рж — во корист на сметката бр. 841-90 — Разлики на затечените залихи на пченица и 'рж;

2) за сите видови брашно и крупица од пченица и 'рж — во корист на сметката бр. 841-91 — Разлики на затечените залихи на брашно;

3) за шеќер — во корист на сметката бр. 841-92 — Разлики на затечените залихи на шеќер;

4) за масло за јадење — во корист на сметката бр. 841-93 — Разлики на затечените залихи на масло за јадење.

6. Уплатувањето на разликата во цената за брашно и крупица од пченица и 'рж затечени на залихи во пекарските стопански организации и во пекарските дуќани на самостојни занаетчии ќе се изврши според прописите донесени во смисла на точката 6 од Одлуката.

7. За попишаните количини на производи што ќе се отпремат по извршениот попис а заклучно до 1 септември 1964 година продавачите на тие производи се должни на отпремниот документ (товарен лист и сл.) да ја стават клаузулата: „Стоки опфатени со попис на залихите кај продавачот".

8. На членовите на комисијата за попис им припаѓа на име надоместок нето износ од 400 динари по работен час.

На членовите на комисијата за попис им припаѓа и износ на патните трошоци и дневниците според прописите за надоместоците на патните и други трошоци што важат за службениците на општинското собрание. Ако членовите на комисијата користат моторно возило на општинското собрание, на друг орган или организација, ќе им се признае на име надоместок фактичниот износ на трошоците за превоз.

Во трошоците на работата на комисијата спаѓаат и издатоците за набавка на пописниот материјал.

Барање за надоместок според ст. 1, 2 и 3 на оваа точка поднесува општинското собрание до надлежната филијала на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство.

Кон барањето се прилагаат документите со кои се правдаат издатоците на име надоместок и трошоци.

Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека барањето во поглед на пресметката и документацијата е точно, му го дозначува износот на надоместокот на општинското собрание, и тоа на товар на сметката бр. 841-90. Доколку на оваа сметка нема доволно средства, надоместокот се дозначува според редоследот од другите сметки од точката 5 на оваа наредба.

Ликвидацијата на сите поднесени барања ќе се изврши до 31 август 1964 година.

9. Надзор над примената на одредбите од оваа наредба вршат органите на пазарната инспекција и Службата на општественото книговодство — финансиска инспекција.

10. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 3063/1
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар за трговија,
**Драгутин Косовац**, с. р.

## 419.

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), во врска со чл. 5 и 7 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство и со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопански работи издава

## НАРЕДБА
## ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ ЗА ПЧЕНИЦА И 'РЖ

1. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) им се обезбедуваат гарантирани цени за пченица и 'рж (во понатамошниот текст: жито), и тоа:

| | |
|---|---|
| 1) за пченица | 60 динари за 1 кг |
| 2) за 'рж | 60 динари за 1 кг. |

2. Дирекцијата за исхрана е должна по цените и под условите од оваа наредба да ги купува сите количини жито што ќе ѝ ги понудат организациите заради купување.

Дирекцијата за исхрана е должна да го преземе житото што ќе и го стави продавачот на располагање, и тоа во рок од три месеци од денот на ставањето на располагање. Ако Дирекцијата за исхрана во наведениот рок не го преземе житото, таа е должна да му ги признае на продавачот трошоците за складирање за непреземените количини, сметајќи ги тие трошоци од денот на истекот на рокот во кој дирекцијата за исхрана била должна да го преземе житото.

3. Цената од точката 1 на оваа наредба се подразбира франко вагон натоварна станица на продавачот, или франко магацин железничка станица на продавачот, или франко магацин на мелница, и тоа за жито зрело, здраво, без знаци на мувла и туѓ вкус и миризба, способно за човечка исхрана, незаразено со житни болести и штетници, од следниот квалитет:

1) пченица — 76 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистота и 13% влага;

2) 'рж — 70 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистота и 13% влага.

4. Ако житото има поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точката 3 на оваа наредба, определената цена се зголемува односно се намалува за 0,50% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се замаат предвид.

Ако житото има поголем или помал процент на уродица, нечистота или влага од оној што е предвиден во точката 3 на оваа наредба, определената цена за процентот на уродица, нечистота или влага под или над предвидениот процент — ќе се намали односно ќе се зголеми за истиот процент. Дропките се земаат предвид. Кршени зрна под половина се сметаат во уродица.

На пченица што има хектолитарска тежина помала од 74 кг или уродица и нечистота повеќе од 5%, не се применуваат одредбите од оваа наредба.

5. Дирекцијата за исихрана не е должна да го купува понуденото ѝ жито што има процент на влага поголем од 14%.

Дирекцијата за исхрана може, по исклучок, да го презема житото што има процент на влага поголем од 14%, со тоа што определената цена ќе се намали поради зголемен процент на влага и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор помеѓу организацијата и Дирекцијата за исхрана.

За снетливост на жито во појак степен, како и за замачканост и завалканост на житото, ќе се одбие до 5% од определената цена.

6. Дирекцијата за исхрана и организациите ги регулираат со договор роковите за преземање и другите услови за испорака на житото.

7. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат жито за нејзина сметка врз основа на одредбите од оваа наредба.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат Наредбата за гарантираните цени за пченица и 'рж од родот на 1962 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/62, 37/62 и 40/62), Наредбата за примена на Наредбата за гарантираните цени за пченица и 'рж од родот на 1962 година и за пченица и 'рж од родот на 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/63) и Наредбата за примена и во 1964 година на Наредбата за гарантираните цени за пченица и 'рж од родот на 1962 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/64).

9. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 993
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

## 420.

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), во врска со чл. 5 и 7 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата ("Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство и со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопански работи издава

## НАРЕДБА
## ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ ЦЕНИ НА ПЧЕНКАТА, ЈАЧМЕНОТ И ОВЕСОТ

1. На стопанските организации и установи што се занимаваат со производство или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители (во понатамошниот текст: организациите) им се обезбедува гарантирана цена за пченката, јачменот и овесот (во понатамошниот текст: житото) во износ од 50 динари за 1 кг.

2. Дирекцијата за исхрана е должна по цената и под условите од оваа наредба да ги купува сите количини жито што ќе ѝ ги понудат организациите заради продажба.

Дирекцијата за исхрана е должна да го преземе житото што продавачот ќе ѝ го стави на располагање со цел за испорака, и тоа во рок од три месеци од денот на ставањето на располагање. Ако Дирекцијата за исхрана не го преземе житото во овој рок, таа е должна за непреземените количини да му ги признае на продавачот трошоците за складирање, сметајќи ги тие трошоци од денот на истекот на рокот во кој Дирекцијата за исхрана била должна да го преземе житото.

3. Цената од точката 1 на оваа наредба се подразбира франко вагон на натоварната станица на продавачот, или франко магацин на железничката станица на продавачот, или франко магацин на мелницата, и тоа за жито зрело, здраво, без знаци на мувла и туѓ вкус и миризба, способно за човечка односно добиточна исхрана, незаразено со житни болести и штетници, од следниот квалитет:

1) пченка во зрно — со 14% влага и до 2% дефектни зрна и други примеси и до 1% кршени зрна;

2) јачмен (освен пиварскиот) — 63 кг хектолитарска тежина, со 2% уродица и нечистота и 13% влага;

3) овес — 43 кг хектолитарска тежина со 2% уродица и нечистота и 13% влага.

4. Ако јачменот и овесот имаат поголема или помала хектолитарска тежина од онаа што е предвидена во точката 3 од оваа наредба, определената цена се зголемува односно се намалува за 0,50% за секој килограм над или под предвидената хектолитарска тежина. Дропките се земаат предвид.

Ако житото има поголем или помал процент на уродица, нечистота или влага од оној што е предвиден во точката 3 на оваа наредба, определената цена за процентот на уродица, нечистота или влага под или над предвидениот процент ќе се намали односно зголеми за истиот процент. Дропките при тоа се земаат предвид.

5. Дирекцијата за исхрана не е должна да ја купува понудената ѝ пченка што има процент на влага поголем од 14,5%, ниту јачмен или овес кој има процент на влага поголем од 14%.

Дирекцијата за исхрана може, по исклучок, да презема пченка што има процент на влага поголем од 14,5% и јачмен или овес со процент на влага поголем од 14%, со тоа што определената цена ќе се намали поради зголемениот процент на влага и за трошоците на сушењето. Трошоците на сушењето се утврдуваат со договор помеѓу организациите и Дирекцијата за исхрана.

За снетливост на жито во појак степен, како и за замачканост или завалканост на жито, ќе се одбијат 5% од определената цена.

6. Дирекцијата за исхрана и организациите ги регулираат со договор роковите за преземање и другите услови за испорака на житото.

7. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат жито за нејзина сметка во смисла на оддредбите од оваа наредба.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат Наредбата за гарантирните цени на пченката, јачменот и овесот од родот на 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/63) и Наредбата за примена и во 1964 година на Наредбата за гарантираните цени на пченката, јачменот и овесот од родот на 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/64).

9. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 994
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

## 421.

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), во врска со чл. 5 и 7 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство и со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопански работи издава

## НАРЕДБА
## ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ НА ОПРЕДЕЛЕНИ МАСЛОДАЈКИ

1. Стопанските организации што се занимаваат со преработка на маслодајки (фабриките за масло) ќе ги купуваат од земјоделските организации и установи што произведуваат или од индивидуални земјоделски производители вршат откуп на опре-

делени маслодајки следните маслодајки по цените кои не можат да бидат пониски од:

| | Динари |
|---|---|
| 1) сончоглед | 85 |
| 2) маслодајна репка | 85 |
| 3) рицинус | 115 |
| 4) афионово семе | 115 |
| 5) ленено семе | 110 |
| 6) соја | 120 |

Цените од ставот 1 на оваа точка се подразбираат за 1 килограм, франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, а по избор на купувачот.

2. Цената од точката 1 став 1 под 1 од ова наредба важи за сончоглед кој содржи 30% масло, 11% влага и 3% нечистота.

За секој цел процент содржина на мсло над или под 30% минималната цена се зголемува односно се намалува за 2,20 динари за 1 килограм сончоглед, со тоа што дропките се земаат предвид за заокружување.

За секој цел процент на влага над или под 13% и за секој цел процент на нечистота над или под 3% цената се намалува за 0,80 динари за 1 килограм сончоглед, со тоа што дропките се земаат предвид за заокружување.

3. Цените од точката 1 став 1 под 2 до 5 на оваа наредба важат за просечен квалитет на тие маслодајки вообичаен во прометот.

4. Цената од точката 1 став 1 под 6 на оваа наредба важи за соја што содржи 15% масло, 13% влага и 2% нечистота.

5. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за минималните откупни цени на определени маслодајки од родот на 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/64).

6) Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 995
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

## 422.

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63, во врска со чл. 5 и 6 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство и со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопански работи издава

### НАРЕДБА
### ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА ШЕЌЕРНА РЕПКА

1. Стопанските организации што се занимаваат со производство на шеќер (фабриките за шеќер) ќе ја купуваат од стопанските организации и установи што произведуваат или од индивидуални земјоделски производители вршат откуп на шеќерна репка во понатамошниот текст: земјоделските организации) шеќерната репка по цената која не може да биде пониска од 12 динари за 1 килограм.

Фабриките за шеќер ќе го договараат со земјоделските организации купувањето на шеќерна репка, по правило, по дигестија. Во тој случај цената од ставот 1 на оваа точка важи за шеќерна репка со дигестија од 15,5%. За секој цел процент на поголема или помала дигестија од 15,5% цената се зголемува односно се намалува за 0,73 динари за 1 килограм, со тоа што дропките да се земаат предвид.

2. Цените од точката 1 на оваа наредба важат за чиста шеќерна репка по одбивање на тежината на туѓите примеси, земјата и неисправно одрежаните глави, лисје, жилички и опавчиња, франко натоварната станица во местото на продавачот, а по избор на купувачот — покрај железничка, бродска односно камионска рампа, кеј или дигалка, приготвено за натовар во превозното средство.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат Наредбата за минималнта откупна цена на шеќерна репка од родот на 1962 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/62), Наредбата за примена на Наредбата за минималната откупна цена на шеќерна репка од родот на 1962 година и на шеќерната репка од родот на 1963 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/63) и Наредбата за примена и во 1964 година на Наредбата за минималната откупна цена на шеќерна репка од родот на 1962 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 16/64).

4. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 996
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

## 423.

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејноста и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/59, 9/60, 19/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), во врска со чл. 5 и 7 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство и со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопански работи издава

### НАРЕДБА
### ЗА МИНИМАЛНИТЕ ОТКУПНИ ЦЕНИ ЗА КОНОПОВО СТЕБЛЕНЦЕ, СУРОВ ПАМУК И СУРОВИ КОЖУРЦИ ОД СВИЛЕНИ БУБИ

1. Стопанските организации што се занимаваат со преработка на коноп, суров памук и сурови кожурици од свилени буби (каделарници, организации за егренирање памук, организации за откуп и душење на свилени кожурици) ќе го купуваат од земјоделските организации и од установите што произведуваат или вршат откуп од индивидуални земјоделски производители, конопово стебленце, суровиот памук и суровите кожурци од свилени буби по цените кои не можат да бидат пониски од следните цени за 1 кг, и тоа за:

1) конопово стебленце:

| | |
|---|---|
| I класа | 25 динари |
| II класа | 20 динари |
| III класа | 17 динари |
| IV класа | 15 динари; |

2) суров памук:

| | |
|---|---|
| I класа, просечен рандман 31 | 200 динари |
| II класа, просечен рандман 30 | 175 динари |
| III класа, просечен рандман 30 | 150 динари; |

3) сурови кожурци од свилени буби:

| | |
|---|---|
| јапанска бела раса, предливи | 1.000 динари |
| јапанска бела раса, непредливи | 120 динари |

Цените од ставот 1 на оваа точка се подразбираат за коноповото стебленце франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство, по избор на купувачот, во местото на продавачот, а за суровиот памук и суровите кожурици од свилена буба — франко откупното место на купувачот.

2. Цените од тачката 1 став 1 под 1 и 3 на оваа наредба важат за коноповото стебленце и суровите кожурци од свилени буби од определена класа и

вообичаен квалитет во прометот, а цените од точката 1 став 1 под 2 на оваа наредба важат за суровиот памук со 9,5% влага.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат Наредбата за минималните откупни цени за конопово стебленце, суров памук и сурови кожурци од свилени буби во 1962 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/62), Наредбата за примена и во 1963 година на Наредбата за минималните откупни цени за конопово стебленце, суров памук и сурови кожурци од свилени буби во 1962 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/63) и Наредбата за примена и во 1964 година на Наредбата за минималните откупни цени за конопово стебленце, суров памук и сурови кожурци од свилени буби во 1962 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/64).

4. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 997
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

**424.**

Врз основа на членот 70 став 1 точка 6 и став 2 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 49/59, 9/60, 13/61, 27/61, 6/62, 16/62 и 4/63), во врска со чл. 5 и 7 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за земјоделство и шумарство и со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопански работи издава

## НАРЕДБА
## ЗА ГАРАНТИРАНИТЕ МИНИМАЛНИ ЦЕНИ ЗА ОРИЗОВА АРПА

1. На стопанските организации што произведуваат или вршат откуп на оризова арпа од индивидуални земјоделски производители им се обезбедува гарантирана минимална цена за оризова арпа (нелупен ориз), и тоа:

| | |
|---|---|
| за I класа | 130 динари за 1 кг |
| за II класа | 125 динари за 1 кг |
| за III класа | 115 динари за 1 кг |

2. Цените од точката 1 на оваа наредба се подразбираат франко натоварна станица на продавачот, и тоа за оризова арпа наполно зрела, здрава, без дефектни и оштетени зрна, незаразена со оризови болести или штетници, од следниот квалитет:

1) за I класа — иста сорта, со најмногу 3% црвени зрна, 2% примеса и нечистота и 14% влага;

2) за II класа — иста сорта, со најмногу 15% црвени зрна, 2% примеса и нечистота и 14% влага;

3) за III класа — разни сорти, со над 15% црвени зрна, со најмногу 2% примеса и нечистота и 14% влага.

3. Ако оризовата арпа има процент на примеса и нечистота или влага поголем или помал од овој што е предвиден во точката 2 на оваа наредба, определената цена за секој поголем односно помал процент на примеса и нечистота или влага ќе се намали односно зголеми за истиот процент (1 : 1). Дропките се земаат предвид.

4. Оваа наредба не се однесува на оризова арпа, без оглед на класата, што има влага повеќе од 18% или примеса и нечистота повеќе од 8% за I класа, повеќе од 15% за II класа и повеќе од 18% за III класа.

5. Дирекцијата за исхрана е должна по цените од точката 1 на оваа наредба да ги купува сите количини на оризова арпа што ќе ѝ ги понудат земјоделските организации заради продажба.

6. Дирекцијата за исхрана и земјоделските организации ги утврдуваат со договор роковите за преземање, трошоците за складирање и другите услови за испорака и преземање на оризовата арпа.

7. Дирекцијата за исхрана може да овласти одделни стопански организации да купуваат оризова арпа за нејзина сметка во смисла на одредбите од оваа наредба.

8. Со денот на влегувањето во сила на оваа наредба престануваат да важат Наредбата за гарантираните минимални цени на оризовата арпа од родот на 1962 година („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 31/62), Наредбата за примена на Наредбата за гарантираните минимални цени на оризовата арпа од родот на 1962 година и на оризовата арпа од родот на 1963 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 28/63) и Наредбата за примена и во 1964 година на Наредбата за гарантираните минимални цени на оризовата арпа од родот на 1962 година („Службен лист на СФРЈ“, бр. 16/64).

9. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Бр. 998
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

**425.**

Врз основа на членот 3 од Уредбата за прометот на жито и на преработки од жито на големо („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 16/58, 29/58, 26/60 и 44/62), во врска со чл. 5 и 7 од Уредбата за основување и укинување на определени сојузни органи на управата („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 25/62), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за општи стопанскки работи издава

## НАРЕДБА
## ЗА ПРОДАЖНИТЕ ЦЕНИ НА ЖИТОТО И НА ПРОИЗВОДИТЕ ОД ЖИТО

1. Стопанските организации ќе ја продаваат пченицата, пченката, јачменот (освен пиварскиот), овесот и прекрупата во прометот на големо и во прометот на мало по калкулативни цени.

Калкулативните цени од ставот 1 на оваа точка се формираат на тој начин што на набавната цена се додаваат трошоците на трговијата на големо односно трошоците на трговијата на мало.

Трошоците на трговијата на големо ги определува републичкиот орган надлежен за работите на трговијата, а трошоците на трговијата на мало — општинското собрание.

2. Стопанските организации што увезле пченица и 'рж ќе ги продаваат тие производи по цената што ја утврдуваат во согласност со Сојузниот секретаријат за општи стопански работи.

3. Со денот на влегување во сила на оваа наредба престанува да важи Наредбата за продажните цени на житото и на производите од жито („Службен лист на ФНРЈ“, бр. 32/60).

Одредбата на ставот 1 од оваа точка во поглед на пченичното и 'рженото брашно ќе се применува од денот кога тие производи врз основа на републички порписи ќе бидат опфатени со контрола на цените во производството, а во поглед на лебот од пченично и 'ржено брашно — од денот кога општинското собрание ќе ги определи највисоките продажни цени на мало, трошоците на трговијата на мало или трошоците за печење на лебот.

4. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 999
17 јули 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за општи стопански работи,
**Хакија Поздерац**, с. р.

# РЕШЕНИЈА

Врз основа на членот 166 од Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

## ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ВО СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ПРАВОСУДСТВО

За државен советник во Сојузниот секретаријат за правосудство се назначува Милое Дилпариќ, досегашен секретар на Сојузната комисија за верски прашања.

Б. бр. 54
29 јуни 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ**, с. р.

## СОДРЖИНА:

Страна

394. Уредба за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет — — — 589
395 Уредба за дополнение на Уредбата за привремената општа царинска тарифа — 589
396. Уредба за зголемување на паричниот надоместок на работниците за време на незапосленост — — — — — — — — 590
397. Уредба за измена на Уредбата за додатокот на деца — — — — — — — 590
398. Одлука за измена на Одлуката за определување највисоките продажни цени за определени производи — — — — — 590
399 Одлука за измена на Одлуката за определување на највисоките продажни цени на одделни производи — — — — — — 590
400 Одлука за престанок на важењето на Одлуката за цените на житото од родот на 1963 и 1964 година, Одлуката за цените на индустриските растенија и други земјоделски производи за 1963 и 1964 година и Одлуката за минималната откупна цена на шеќерна репка од родот на 1963 и 1964 година — — — — — — — — — 591
401. Одлука за гарантираните цени за добиток 591
402. Одлука за минималната откупна цена за кравјо млеко — — — — — — — 593
403 Одлука за измена на Одлуката за определување премија за кравјо млеко во 1964 година — — — — — — — — — 593
404. Одлука за определување посебна премија за пченица и 'рж од родот на 1964 година 593
405. Одлука за измена на Одлуката за определување премија за суров памук во 1964 година — — — — — — — — — 593
406. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачки ѓубриња за потребите на земјоделството и шумарството — — 594
407. Одлука за измени и дополненија на Одлуката за давање регрес при продажбата на опрема за потребите на земјоделството и шумарството — — — — — 595
408. Одлука за давање регрес при продажбата на гориво и мазиво за потребите на рибарството — — — — — — — — 595
409. Одлука за престанок на важењето на Одлуката за одобрување регрес за увезената концентрирана храна за добиток за потребите на земјоделството и за интервенции на пазарот во 1964 година — — 596
410. Одлука за продажните цени на шеќерот 596
411. Одлука за формирање на цените и за уплатување на разликите во цените за определени производи — — — — — 596
412. Одлука за измена на Одлуката за определување на цените на електричната енергија за електростопанските заедници — 597
413. Одлука за зголемување на средствата за лични расходи на сојузните органи и установи — — — — — — — — — 597
414. Одлука за зголемување на надоместокот на личните доходи на осигурениците спречени за работа — — — — — — — 598
415. Правилник за дополнение на Правилникот за тарифниот систем за продажба на електрична енергија — — — — — 598
416. Наредба за измена на Наредбата за единствените тарифни ставови за испорака на електрична енергија на дистрибутивните претпријатија — — — — — — — — 598
417. Наредба за измени и дополненија на Наредбата за примена на Одлуката за давање регрес при продажбата на вештачко ѓубре за потребите за земјоделството и шумарството — — — — — — — 599
418. Наредба за примена на Одлуката за формирање на цените и за уплатување на разликите во цените за определени производи — — — — — — — — 599
419. Наредба за гарантираните цени за пченица и 'рж — — — — — — — — — 600
420 Наредба за гарантираните цени на пченката, јачменот и овесот — — — — — 601
421. Наредба за минималните откупни цени на определени маслодајки — — — — — 601
422. Наредба за минималната откупна цена за шеќерна репка — — — — — — 602
423. Наредба за минималните откупни цени за коноповo стебленце, суров памук и сурови кожурци од свилени буби — — 602
424. Наредба за гарантираните минимални цени за оризова орпа — — — — — — 603
425. Наредба за продажните цени на житото и на производите од жито — — — — 603

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Ѓуриќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград